ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:21-88/9**

**Дата: 23.02.2012**

**ДО**

**НУ МАКЕДОНСКА ОПЕРА И БАЛЕТ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на НУ Македонска опера и балет (во натамошниот текст МОБ) - сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), за 2010 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на НУ МОБ за 2005 година за кои е изразено мислење без резерва додека пак за наменското и законско користење на средствата на НУ МОБ изразено е неповолно мислење. Со ревизијата за 2010 година беше опфатено и спроведувањето на препораките, дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година, при што е констатирано дека не е постигнат задоволителен напредок во имплементацијата на препораките. Од вкупно 6 препораки, 2 препораки се делумно спроведени, а 4 не се спроведени .

Ревизијата изрази мислење без резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, а за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива изразуваме негативно мислење.

Со ревизијата констатиравме дека НУ МОБ нема воспоставено ефикасни интерни контроли во врска со следењето на процесот на продажба и дистрибуција на билетите за представите на репертоарот на МОБ. Не е изработен интерен акт со кој ќе се утврдат условите и критериумите за доделување на гратис билети и нивниот број, како и лицата кои го имаат правото истите да ги доделат, како и интерен акт за мерилата и критериумите за ангажман на лица на работни места за распоредување на посетители и билетопродавачи и утврдување на висината на надоместоците кои им се исплаќаат на овие лица.

Утврдивме и дека при спроведувањето на постапките за јавни набавки не се почитувани одредби пропишани со Законот за јавни набавки.

По однос на наведеното, препорачуваме да се преземат мерки за воспоставување на систем на интерни контроли во поглед на располагањето со билетите, изработка на интерни акти со кои ќе се пропишат условите и критериумите за доделување на гратис билети и со кои ќе се обезбеди систем за објективен избор на надворешни лица и висината на надоместокот на ангажираните лица. НУ МОБ да ја напушти практиката на делење на договорите за јавна набавка на повеќе посебни договори со мала вредност, и да постапува согласно прпишаните одредбите со Законот.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 8 и 9 заедно со ревизија на усогласеност на НУ Македонска опера и балет (НУ МОБ) - сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на НУ Македонска опера и балет за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Оливер Арсовски – директор од 25.10.2006 година до 24.12.2010 година
- Дејан Прошев – директор од 24.12.2010 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на НУ Македонска опера и балет

се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

**2. Цели и делокруг на ревизијата**

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 31.10.2011 година до 23.12.2011 година кај НУ Македонска опера и балет од тим на Државниот завод за ревизија

## 3. Осврт на ревизијата од претходни години - спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година, при што констатиравме незадоволителен напредок во имплементацијата на дадените препораки во Конечниот извештај на ОДР за 2005 година. Од вкупно 6 препораки, 2 препораки се делумно спроведени, а 4 не се спроведени.
Во Прилог 1 кон овој извештај, дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведувањето на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 29.12.2011 година. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 16.01.2011 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. За реализација на активностите кои ги извршува НУ МОБ во текот на 2010 година извршени се исплати на лица кои не се вработени во МОБ по склучени авторски договори за вршење на распоредување на посетители за време на манифестациите кои се одржуваат во МОБ и билетопродавачи за представите на репертоарот. Во врска со ангажманот на овие лица и висината на надоместоците кои им се исплаќаат, МОБ нема изработено интерен акт за мерилата и критериумите за ангажман на вакви лица и утврдување на висината на надоместоците поради што се создава можност од субјективно постапување и нетранспарентност при изборот.

**Препорака**
Неспорејќи ја потребата од ангажман на овие лица, укажуваме на неопходноста од изработка на интерен акт за мерилата и критериумите за избор на лица и утврдување на висината на надоместоците со одредби со кои ќе се воспостави

систем за објективен избор на надворешни лица, како и за висината на надоместоците кои ќе им се исплаќаат.

4.1.2. Ревизијата констатираше дека НУ МОБ има воспоставена пракса на доделување на гратис билети за представите од репертоарот на МОБ. Во врска со доделувањето на гратис билетите, не е изработен интерен акт со кој ќе се утврдат условите и критериумите за доделување на гратис билети и нивниот број, како и лицата кои имаат правото истите да ги доделат. Од докуметацијата која ни беше дадена на увид и извршените интервјуа со одговорните лица во НУ МОБ, утврдивме дека доделените гратис билети учествуваат со висок процент во бројот на вкупно дистрибуираните билети за представите на репертоарот на НУ МОБ со што се влијае на намалување на приходите.

**Препорака**

Директорот на НУ МОБ да иницира изработка на интерен акт со кој ќе се утврдат условите, критериумите и бројот како и лицата кои имаат право да вршат доделување на гратис билети.

## 4.2. Финансиски извештаи

### Биланс на приходи и расходи

4.2.1. Како дел од тековното работење на НУ МОБ, а во врска со процесот за продажба и дистрибуција на билети за представите од репертоарот на МОБ, на едно лице вработено во институцијата му е доверена обврската за задолжување, раздолжување и чувањето на билетите. НУ МОБ не воспоставило систем на материјално и финансиско задолжување на билетите, како и за дистрибуција и нивна продажба. Исто така, не е извршен попис на непродадените билети на 31.12.2010 година со што би се извршило усогласување на вкупниот приход од продажбата на билетите во текот на годината. Поради ваквата состојба ревизијата не обезбеди уверување за реалноста и објективноста на остварените приходи од продажбата по овој основ кои во 2010 година износуваат 5.673 илјади денари.

**Препорака**

Директорот на НУ МОБ да преземе активности за материјално и финансиско задолжување на лицето кое располага со билетите од представите на репертоарот на НУ МОБ. Пописот на непродадените билети и усогласување на вкупниот приход од продажба со бројот на отпечатените и продадени билети да се вклучи како составен дел од пописот на ден 31.12.2010 година.

### Биланс на состојба

**4.2.2.** Со извршените тестирања на соодветните позиции од Билансот на состојбата на ден 31 декември 2010 година утврдивме дека НУ МОБ има исплатено аванси за службено патување на вработени во висина од 34 илјади денари кои

се евидентирани на соодветната позиција за Побарувања од вработени. Овие лица не го раздолжиле примениот аванс со приложување на сметки и пресметка на патни трошоци во рок од 7 дена согласно на член 24 од Уредбата за издатоци за службени патувања и селидби во странство. НУ МОБ има воспоставна пракса расходите за службени патувања сметководствено да ги евидентира по враќањето на лицата од службен пат односно во моментот на раздолжување на дадениот аванс со сметки. Како резултат на ова во Билансот на состојба на ден 31.12..2010 година прикажаната состојба на позицијата Парични средства е за 34 илјади денари пониска во однос на состојбата на позицијата Вишок на приходи над расходи за пренос во наредната година.

**Препорака**
НУ МОБ да преземе мерки за раздолжување со сметки на лицата на кои им се исплатени аванси за службени патувања во рамките на рокот кој е предвиден со Уредбата за издатоци за службени патувања и селидби во странство.

### 4.3. Користење на средства согласно Законот за јавни набавки

4.3.1. Ревизијата утврди слабости во постапките за јавни набавки кои се однесуваат и на оваа сметка, а се наведени во точката 4.4.1. од Конечен извештајот на сметката на основен буџет (603-11). Во врска со овие набавки исплатени се 703 илјади денари за печатарски услуги, транспорт на театарска опрема и изнајмување на аудио видео опрема, при што извршено е делење на договорите за јавна набавка на повеќе посебни договори со пониска вредност што не е во согласност со член 27 од ЗЈН.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на НУ Македонска опера и балет - сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1; 4.2. и 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на НУ Македонска опера и балет - сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

Скопје, 22.02.2012 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2010** | **2009** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 7.972 | 6.404 |
| Трансфери и донации | 134 | 137 |
| **Вкупно приходи** | **8.106** | **6.541** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 7.533 | 5.999 |
| Субвенции и трансфери | 470 | 345 |
| **Вкупно тековни расходи** | **8.003** | **6.344** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 0 | 63 |
| **Вкупно капитални расходи** | **0** | **63** |
| **Отплата на главнина** | **0** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **8.003** | **6.407** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **103** | **134** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **103** | **134** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2010** | **2009** |
| **Актива** | | |
| | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 69 | 93 |
| Побарувања | 964 | 954 |
| Побарувања од вработените | 34 | 41 |
| Побарувања од државата и други институции | 270 | 333 |
| Активни временски разграничувања | 543 | 543 |
| **Вкупно тековни средства** | **1.880** | **1.964** |
| | | |
| **Вкупна актива** | **1.880** | **1.964** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема државата и други институции | 543 | 543 |
| Пасивни временски разграничувања | 1.337 | 1.421 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1.880** | **1.964** |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **1.880** | **1.964** |